**Кратко резиме на донесениот Заклучок на Комисијата за заштита на конкуренцијата за поведување на постапка за оцена на дозволеноста на доделувањето државна помош од страна на Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за Технолошки индустриски развојни зони за инвестицискиот проект на Друштвото за услуги ЕМАПТА ДООЕЛ Скопје**

**предмет бр.10-178 од 15.12.2023 година (бр.10-12 од 08.02.2024 година, односно 10-28 од 30.01.2025 година)**

Согласно член 10 од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10) на ден 30.01.2025 година Комисијата за заштита на конкуренцијата започна постапка за оцена на дозволеноста на доделувањето на државната помош за компанијата ЕМАПТА ДООЕЛ Скопје заради фактот што постојат сериозни сомневања за дозволеноста на доделувањето на помошта преку мерката содржана во известувањето за планирано доделување помош бр.10-178 од 15.12.2023 година доставено од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и како резултат на горенаведеното Комисијата за заштита на конкуренцијата постапува согласно член 4 од Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош („Службен весник на Република Македонија“ бр.142/11).

Предмет на Договорот е доделување на државна помош на ЕМАПТА ДООЕЛ Скопје за реализација на инвестицискиот проект во зоната.

Државната помош како индивудуална помош е за создавање на нови работни места за вработените на полно работно време до датум на завршување со основна месечна нето плата која е најмалку 50% повисока од просечната нето плата на ниво на државата утврдена од Државниот завод за статистика на денот на потпишување на Договорот, при што се предвидува грант од 3.250 евра (три илјади двеста педесет евра) за еден вработен. Давателот на државната помош ќе започне со исплата на државната помош во моментот кога корисникот на помошта има вработено најмалку 100 вработени. Корисникот на помошта планира во 2027година и 2028 година да го реализира вкупниот износ на оправдани трошоци за плати од 33.000.000 евра (триесет и три милиони евра) и да креира 850 работни места на определено или неопределено време согласно договорот за вработување со полно работно време.

Во врска со доставеното известување за планирано доделување на државна помош на друштвото за услуги ЕМАПТА ДООЕЛ Скопје како и конципираниот пакет на поволности содржани во Предлог договорот за доделување на државна помош, за КЗК постојат сериозни сомневања за дозволеноста за доделување на таквата помош заради:

- сомневање дека инвестицискиот проект претставува продуктивна почетна инвестиција согласно член 3 став (1) точка (1) од Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош („Службен весник на Република Македонија“ бр.109/13);
- опфаќањето под категорија вработени и на лицата кои веќе се во работен однос пред датумот на почеток, односно постоечките вработените лица кои се вработени во Друштвото за услуги ЕМАПТА ДООЕЛ Скопје ќе се префрлат во ТИРЗ 1 и ќе ја користат мерката за креирање на нови работни места, согласно Предлог Договорот за доделување на државна помош.
- нејасност во Предлог договорот дека новите работни места значат вработување на лица државјани на Република Северна Македонија.

Согласно член 4 став (1) точка (2) од Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош („Службен весник на Република Македонија“ бр.109/13), се повикуваат заинтересираните лица да доставaт коментари и мислења во писмена форма за мерките предвидени во Договорот за доделување на државна помош, а за кои Комисијата за заштита на конкуренцијата донесе заклучок за поведување постапка за оцена на дозволеноста на доделувањето на државната помош. Коментарите и мислењата на заинтересираните лица можат да се испратат на адреса: Комисија за заштита на конкуренција, ул.„Св. Кирил и Методиј“ бр.54 (6-ти спрат), 1000 Скопје или по е-маил: kzk@kzk.gov.mk во рок од 15 дена од денот на објавувањето на краткото резиме на Заклучокот.

Скопје, 30.01.2025 година